ФИЛАНТРОПИЈА
ЧОВЕКОЉУБИЕ НА ДЕЛО

CIVICA mobilitas
...towards common values!

# КАТАЛОГ

ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ
СТРУГА

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC





**Издавач:**
Локална агенција за развој, Струга

**Подготовка:**
Јасминка Поповска
Катерина Василеска
Елена Михајловска

**Лектура**
Мерсиха Исмајлоска

**Дизајн:**
Христијан Томаноски

Оваа публикација е овозможена со грант од програмата Civica mobilitas имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Сите наведени содржини претставуваат мислење на авторот и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC.

ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ СТРУГА

CIVICA mobilitas ...towards common values!

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа
www.cira.org.mk

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# ВОВЕД

Ако речеме дека филантропијата е „човекољубие на дело“, тогаш овој проект доаѓа како потврда на основната филантропска идеја, да се помогне на другиот и тоа заради основната мотивација, љубов кон другиот. Не ретко, подадената рака ја ублажува тагата, немаштијата, болката... Затоа, поддржувањето на филантропијата и нејзиното практикување го прави не само поубаво поширокото опкружување туку и личниот свет на филантропот. Сведоштвата на филантропите секогаш на прв план го исфрлаат личното доживување како клучно во филантропскиот чин. Додадено на тоа и сведоштвата на оние на кои се помогнало, станува очигледно дека преку тоа се прави еден поблагороден свет, свет во кој секој го наоѓа својот мир и среќа преку помагањето и прифатената помош. Привилегијата да се помогне, искористена во филантропски контекст, е повеќе од првичен поттик секој да го најде својот начин преку кој може да го промени светот, оној личниот и оној од кој е дел. Затоа мислата на Ганди дека промената на светот почнува од личната промена и тоа како е применлива онаму каде љубовта на човекот се практикува на дело...Тоа е и тука и сега, преку граѓанскиот сектор, поединците и компаниите. Секој од нив на свој начин покажува дека филантропијата е реалност давајќи свој личен момент во целата идеја. А, таа не завршува тука, таа веруваме ќе се проширува и развива понатаму. Таа постои и заслужува вакво јавно презентирање.

Именуваните во овој Каталог, оние кои помагаат и оние на кои им е потребна помош, секој од нив е пример кој треба да се следи и кој веруваме дека ќе поттикне следни филантропски активности. Тоа е доказ дека се прави и дека ќе се прави. Така овој наш свет и буквално ќе стане она што верувале дека треба да стане ред мислители, мировници, уметници...

Можеме! Да го практикуваме човекољубието!

# ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

ФИЛАНТРОПИЈА
ЧОВЕКОЉУБИЕ НА ДЕЛО

# Фондација “ВЛА-ДОБРО“ , Холандија



**во текот на август 2011година обезбеди донација за**

## Хокеарскиот клуб ,,Стик” Охрид

**ШТО:** Дресови, палки за хокеј, топчиња, ранци како и опрема
**ЦЕЛ:** Подобрување на  условите за тренинг во клубот како поттик за понатамошни активности и успеси.



Оваа фондација во текот на 2010  година исто така има донирано опрема за хокеј во Охрид, а во текот на 2008 година целосно ги реконструирала просториите на Здружението за глуви и наглуви лица од Охрид. Освен реконструкцијата на просториите биле донирани и три компјутери, печатач, телевизор и ДВД рекордер, а во текот на 2013 година била направена и чајна кујна.

*Основач на фондацијата е Владо Велјаноски, кој долги години живее и работи во Холандија. Тој вели дека  дека и во иднина ќе продолжи да работи на проекти за помош на спортската, социјалната и културната сфера во Охрид и Република Македонија.*

## Културно - хуманитарното друштво на Македонците во Швајцарија,

**во текот на месец јануари 2011 година обезбеди донација за**

## неколку здравствени установи во Струга



**ШТО:** Вкупно 56 болнички кревети во вредност од 220.000 швајцарски франци.
**ЦЕЛ:** Подобрување на условите за згрижување на пациентите.



*Културно-хуманитарното друштво на Македонците во Швајцарија до сега многу пати има спроведувано хуманитарни и донаторски активности на подрачјето на Република Македонија.*

## Лајонс клуб „Деница“, Охрид

**во текот на месец декември 2012 година обезбеди донација за**



## ЈОУДГ„Јасна Ристеска” Охрид

**ШТО:** 30 волнени ќебиња.



**ЦЕЛ:** Подобрување на условите за престој и забава на дечињата во градинката.

Оваа донација била овозможена во рамките на хуманитарната програма „Играта е детска работа“.

*Лајонс клубот „Деница“ е првиот женски лајонс клуб кој е формиран надвор од Скопје. Клубот, иако релативно млад, веќе има реализирано неколку акции, во кои им помага на најмладите, децата.*

# Лајонс клуб „Десарети“, Охрид,

## во текот на изминатиот период реализираше

## бројни хумани активности на подрачјето на Охрид



1. Во неколку наврати обезбеди помош за Дневниот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Зраци’’ од Охрид и за паралелката со деца со специјални потреби во О.У. „Климент Охридски“.

2. Во соработка со Здружението за Дијабетес од град Охрид и со „Лео“ клубот Охрид била изведена еднодневна акција за проверка на шеќерот во крвта наменета за сите граѓани.



3. Лајонс клубот „Десарети “ во соработка со младите членови на Лео клубот „Охрид“ организираа и еднодневна хуманитарна акција за собирање на средства за осовременување на Центарот за дијабетес. За таа цел на неколку пунктови во големите маркети во Охрид, младите делеле флаери, а биле поставени и кутии во кои хуманите граѓани можеле да донираат доброволни прилози.

4. Членовите на овој клуб биле дел од големата хуманитарна акцијата „Декември месец на отворено срце’’со која било набавено Возило за лица со посебни потреби од Охрид во вредност од 9.000 евра.

*Лајонс клубот „Десарети’’ до сега има организирано и други донаторски акции, а реализирал и бројни хумани настани кои имале цел да помогнат во одредени сфери во општеството.*

## Лајонс клуб „Лихнидос“, Охрид,

во текот на изминатата година изведе

## бројни хумани активности на подрачјето на Охрид

1. Во текот на јули 2012 година реализираше донација за Дневниот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Зраци од Охрид. Донацијата се состоеше во машина за перење алишта.
2. Членовите на овој клуб биле дел од големата хуманитарна акцијата „Декември месец на отворено срце”со која било набавено возило за лица со посебни потреби од Охрид во вредност од 9.000 евра.
3. Во текот на ноември 2012 година реализираше донација за Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“ од





Охрид. Донацијата се состоеше во дубаци кои на пациентите во болницата ќе им овозможат полесна рехабилитација
4. Во текот на декември 2012 година реалиизраше донација за социјално загрозено семејство од Охрид. Донацијата се состоеше во облека, обувки, брашно, масло и други намирници. Покрај ова, лајансите од Лихнидос на ова семејство му подарија тв приемник и машина за перење алишта.
5. Исто така Лајонс клубот Лихнидос организираше голем хуманитарен концет во Рим, а од собраните средства беше набавено пијано за млад музички талент од Охрид.

*Освен гореспонетатите активности, членовите на овој клуб организирале и поддржале и низа други хуманитарни акции и активности.*

# Лајонс клуб „Охрид", Охрид

**во текот на изминатиот период реализираше**

## бројни хумани активности на подрачјето на Охрид

1. Традиционално овој клуб секоја година организира Новогодишен хуманитарен концерт чии средства се донираат за Здружението на слепите лица од Охрид.

2. Веќе неколку години се реализира проектот Лајонс топ 10, односно избор на најталентирани ученици во Охрид. Овој проект кој го иницираше токму Лајонс клубот „Охрид", го имаат прифатено клубовите од неколку градови од Македонија.




3. Исто така овој клуб реализираше и курсеви по информатичка технологија наменети за лицата со нарушен вид.

4. Членовите на овој клуб биле дел од големата хуманитарна акцијата „Декември месец на отворено срце"со која било набавено возило за лица со посебни потреби од Охрид во вредност од 9.000 евра.

5. Лајонс клубот „Охрид" редовно поддржува активности и акции за борба против дијабетот во соработка со Здружението на дијабетичари.



*Лајонс клубот ,,Охрид"до сега има организирано и голем број други хуманитарни настани, активности и акции кои имале за цел да обезбедат помош за ранливите групи на граѓани.*

## „Македонски сојуз“, Шведска,

**во текот на месец ноември 2011 година обезбеди донација за**

## ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид




**ШТО:** Две опремени амбулантни комби возила, марка Мерцедес.



**ЦЕЛ:** Подобрување на квалитетот на здравствените услуги кои ги обезбедува заводот и овозможување на побезбеден транспорт на пациентите.

*Македонскиот сојуз од Шведска долги години, интензивно се залага за реализација на хуманитарни активности на подрачјето на Република Македонија. До сега обезбедиле голем број донации. Освен за здравствената установа во Охрид биле обезбедени доанции и за здравствените установи во Битола и Прилеп.*

## НВО „Отворете ги прозорците“, Скопје,



**во текот на месец декември 2012 година обезбеди донација за**

## Основното училиште “Братство и единство” Охрид



**ШТО:** Помошна асистивна технологија за работа со учениците со посебни потреби.
**ЦЕЛ:** Подобрување на условите за престој и учење на лицата со посебни потреби.

*„Отворете ги прозорците“ работи кон една општа цел а тоа е да им овозможи на лицата со хендикеп пристап до информатичката технологија.*

# „Ротари и Ротаракт Клуб“, Охрид,



во текот на изминатиот период реализираше

## неколку хумани активности на подрачјето на Охрид

1. Во текот на  декември, организираа хуманитарна after work забава чии средства беа донирани на семејството чија куќа беше опожарена во стариот дел на градот
2. Во текот на месец јануари 2013 година, реализираше хуманитарна активност за помош на социјално загрозените семејства и беа доделени 100 хуманитарни пакети со храна и средства за лична хигиена во Охрид и Дебарца. Оваа акција беше спроведена во соработка со Црвениот крст од Охрид.




3. Членовите на овој клуб биле дел од големата хуманитарна  акцијата „Декември месец на отворено срце’’со која било набавено возило за лица со посебни потреби од Охрид во вредност од 9.000 евра.

*Ротари клубот  од Охрид до сега има организирано и други хуманитарни донаторски активности како и голем број донаторски вечери од кои собраните средства биле донирани во хумани цели.*

## „Сороптимист клуб“, Струга,

во текот на 2013 година,  обезбеди

## бесплатни часови по англиски јазик





**ШТО:** Бесплатни часови по англиски јазик, за деца од 6 до 9 години од Охрид и Струга. Иницијативата беше поддржана и од волонтери на мировен корпус, а беа користени простории на црквата во Охрид и едно приватно училиште за странски јазици сопственост на една од членките на клубот во Струга.

**ЦЕЛ:** За поддршка на социјално загрозените семејства од Охрид и Струга.

*Сороптимист е светска организација на жени, чија основан цел е зајакнување на позицијата на жените и девојчината и обезбедување подобри услови за живот.*

# ПОЕДИНЦИ

ФИЛАНТРОПИЈА
ЧОВЕКОЉУБИЕ НА ДЕЛО

## Петар Боев, Охрид



**во текот на месец ноември 2012 година обезбеди донација за**

## ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ Охрид

**ШТО:** Донирани финансиски средства собрани од аукција на фотографии.
**ЦЕЛ:** Опремување на доградените простории на објектот од градинката.



Аукцијата на фотографиите беше организирана во рамки на Хуманитарна забава која се одржа во кафе барот Објектив. На забавата беа изложени 47 авторски фотографии на Боев, кои се продаваа по цена од 1000 денари. Хуманитарната забава беше иницијатива на Јавното претпријатие Охридски комуналец како дел од проектот „Охрид град на цвеќето“.

*Фотографот Боев вели дека му претставува големо задоволство што бил дел од организацијата на ваков хуман настан и тоа што финансиските средства се наменета за најмладите жители на Охрид.*

# Стојан Ѓоргоски, Охрид

**во текот на 2013 година реализираше**

## неколку хуманитарни активности на подрачјето на Охрид



Во месец јануари донираше 30.000 денари на семејството чија семејна куќа, која се наоѓа во стариот дел на Охрид беше опожарена.



Со посредство на Црвениот крст Охрид Ѓоргоски донираше и 30 социјални пакети за Социјално загрозените семејства во Охрид.

Во текот на месец јуни Ѓоргоски донираше и три ЛЦД телевизори на Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо“ од Охрид, а донираше и 30.000 денари на Детската градинка „Јасна Ристеска“ во Охрид.

*Овие донации се дел од низата на хумани дела, зад кои стои овој хуман човек. Тој вели дека откога е приватен стопанственик има издвоено голем износ на средства за добротворни цели и спонзорства, нагалсувајќи дека помагањето е она што го исполнува и го прави среќен.*

## Благоја Јованоски, Струга

**крводарител рекордер во Струга.**

## Дарувал крв 107 пати



Јованоски е најпродуктивниот крводарител во струшкиот регион. Вели дека дарувањето крв за него претставува еден вид на опсесија, а желбата да се помогне е посилна од сé.

Јованоски прв пат дарувал крв уште кога бил средношколец во 1969 година, а голема желба му е да ја достигне бројката од 120 дарувани единици крв. За својот јубилеј, кога дарувал крв по 100-ти пат, организирал и крводарителна акција во Струга. Тој раскажува дека хуманоста односно филантропијата е на некој начин врежана во неговата животна судбина.



„Јас водам потекло од Гостивар, но на својата 8 годишна возраст останав без родители, а благодарение на мојот тетин Петар Милев од Струга, не останав без дом. Тој покрај неговите три деца ме зеде во своето семејство и ме гледаше како свое дете, ме воспитуваше и ме школуваше“ - раскажува Јованоски додавајќи дека од неговиот тетин кој бил огромен филантроп ја наследил љубовта кон дарувањето и помагањето.

*Јованоски апелира до државата и надлежните институции повеќе да водат грижа за редовните крводарители и за условите во кои тие живеат и опстојуваат и поинтензивно да подготвуваат ефективни стратегии за мотивирање на млади и нови крводарители кои во иднина можат да спасуваат животи.*

# *Александар Ковачески, Охрид*

***во текот на месец јануари 2011 година обезбеди***

***донација за***

## *социјално загрозено семејство од населбата „Св Стефан” Охрид*





**ШТО:** Ортопедско помагало - инвалидска количка.
**ЦЕЛ:** Подобрување на основните услови за живот на социјално загрозеното семејство, кое живее во голема сиромаштија.

*Ковачески вели дека веднаш штом ги видел новинарските прилози, објавени на две национални телевизии, одлучил да помогне колку што може. Тој вели дека неговиот пример треба да го следат и другите граѓани и да даваат помош каде што навистина е потребно.*

# Валентина Кузманоска, Охрид

**во текот на изминатите години го донира своето слободно време, кретивност и педагошките вештини за**

## Дополнително образование и поттикнување на најмладите за помош на социјално загрозени и маргинализирани групи



Како долгогодишен наставник во ОУ „Свети Климент Охридски" досега волонтерски била вклучена во голем број училиштни проекти наменети за подобрување на образованието и воспитанието на децата.



Досега била иницијатор и организатор на неколку хуманитарни акции во рамките на училиштето и надвор од него, со цел да им се помогне на социјално загрозените семејства или дечиња на кои им е потребна парична помош за лекување. Акциите се организирале преку креативни работилници во чии рамки децата изработувале колачиња, кукли со народни носии, божиќни и велигденски украси, накит и др., кои подоцна се продавале на организирани саеми во училиштето.

*Валентина исто така е волонтер и крводарител во Црвени Крст -Охрид и е вклучена во голем број проекти. Моментално е најактивна во програмата BRAINOBRAIN на осмо ниво како инструктор во Центарот за развој на животни вештини на деца од 5 до 14 години.*

## Љупчо Настоски, Охрид

**во текот на месец ноември 2012 година обезбеди**

**донација за**

## ЈОУДГ„Јасна Ристеска" Охрид



**ШТО:** 40 детски ќебиња.
**ЦЕЛ:** Подобрување на условите за целодневен престој во градинката.



Инаку ова не е прва и единствена донација на Настоски, тој во текот на месец декември 2012 година донираше и новогодишни реквизити за Детското одделение при Општата болница во Охрид. Исто така семејството Настоски издвојува дел од своите месечни финансиски примања и за издржување на девојче без родители кое живее во Охрид.

*Хуманоста е најблагородната особина која го исполнува секој човек. Па заради тоа апелирам до сите оние сограѓани, бизнисмени и организации кои имаат можност и средства да прават повеќе добри дела, вели Настоски.*

# Весна Палмер, Охрид

**_преку својата хуманитарна организација Macedonian Mission for Humanity од САД во текот на 2011 година обезбеди донација за_**

## _Општата болница Струга_



**ШТО:** Медицинска опрема вредна 500.000 американски долари.

**ЦЕЛ:** Подобрување на квалитетот на услугите кои им се нудат на пациентите и зголемување на капацитетот на болницата каде се лекуваат граѓани од неколку населени места во регионот.




Македонската мисија за хуманост (ММН) е непрофитна мултиетничка организација поддржани од страна на приватни фондации, корпорации и поединци од САД.

*Оваа донација не е единствена донација во Охридско-струшкиот регион. До сега оваа хуманитарна организација во неколку наврати има обезбедено донации во компјутерска опрема, книги и инвентар за дел од основните и средните училишта, библиотеки и други институции и организации.*

# Рувинова Царева, Охрид

***во текот на изминатите години го донира своето слободно време, кретивност и медицински вештини за***

## *помош на социјално маргинализирани групи како што се корисниците на droги и сексуалните работнички*



Како дипломирана медицинска сестра од 2005 год. работи на проекти за подобрување на условите за живот на маргинализираните групи од Охридско струшкиот регион.

**НВО Опција Охрид**
**Охрид**

Членка на Македонската мрежа за намалување на штети



Преку граѓанското здружение „Опција Охрид“ активно работи на намалување на штети од употреба на дроги (harm reduction) во склоп на Проектот одржување на ниска преваленца на ХИВ/СИДА во Р. Македонија. Таа работи во мини медицинска амбуланта опремена со најнеопходните медицински материјали и опрема. Работи на третирање на рани, апсцеси, тромбофлеби и други компликации настанати како резултат на долготрајно и неправилно инјектирање на дроги.

*Рувинова исто така е волонтер во Црвениот крст Охрид и е вклучена е во реализацијата на голем број голем број проекти. Работи и како тренер во програмата BRAINOBRAIN.*

# Свилар Димитар, Охрид

### крводарител рекордер во Охрид

## дарувал крв 178 пати



Свилар се занимава со пекарство се вбројува помеѓу најпродуктивните крводарители во Република Македонија.
Вели дека иако не знае колку животи спасил до сега, важно му е да знае дека сигурно помогнал некому.

Дарувањето крв е големо духовно исполнување, тоа е слично како да отстапуваш дел себе и тогаш се чувствуваш дека можеш да полеташ.
„Чувството дека си направил нешто и со тоа си помогнал некому ме исполнува и затоа сакам да дарувам крв. Но покрај духовната придобивка, дарувањето крв позитивно влијае и на здравјето, тоа е еден вид прочистување на организмот, како едно обновување. Кога ќе дадеш крв се чувствуваш полесен, како со повеќе енергија и поголем апетит“ - вели Свилар, кој инаку потекнува од Суботица, Војводина, но повеќе од 35 години живее во Охрид.

*Тој раскажува дека прв пат дарувал крв уште кога бил малолетен, а редовен крводарител станал од 1968 година.*

## *Проф. д-р Ванчо Чифлиганец,*

*во текот на 2012 година реализираше*

## *неколку хуманитарни акции, додели стипендии и поддржа културни и спортски настани во Охрид*

Во јануари, април и декември, Проф. д-р. Чифлиганец реализираше три хуманитарни акции во соработка со Црвениот Крст - Охрид, на кои подели 200 прехранбено-хигиенски пакети на социјално загрозените семејства од Охрид, со цел да им помогне и да покаже грижа, солидарност и внимание на сиромашните граѓани, самохраните родители, лицата со посебни потреби и многудетните семејства.





Во јануари 2012 година, Проф. д-р. Чифлиганец додели годишни стипендии на двајца талентирани студенти од Охрид, во износ на највисоката државна стипендија со цел да го поддржи образованието на млади амбициозни луѓе, како носители на подобар и попросперитетен живот во Македонија.

Овој исклучително хуман човек преку својата компанија „Адора инженеринг“ го поддржува и фестивалот „Охридско Лето“ и ја спонзорирал Изложбата на архивски фотографии „Охрид понапред“ и меѓународната кајак-кану регата 2012 година.

*Инаку градежната компанија „Адора Инженеринг“ повеќе од една деценија, како сериозен економски субјект и општествено одговорна компанија постојано вложува во заедницата, за доброто на граѓаните, оставајќи дела за сегашните и идни генерации.*

# БИЗНИС СЕКТОР

ФИЛАНТРОПИЈА
ЧОВЕКОЉУБИЕ НА ДЕЛО

# ДОО „Андрос-фарм“ и „Братство Инокс”, Охрид

**во текот на април 2013 година обезбедија донација за**

## ЈОУДГ„Јасна Ристеска” Охрид



**ШТО:** ТВ приемник и 200 наслони за столчиња

ANDROS

BRATSTVO
www.bratstvoinox.com.mk



**ЦЕЛ:** Подобрување на условите за престој и забава на дечињата во градинката.

Оваа донација овозможува во салата за групни активности, дечињата да можат да следат соодветни детски емисии, бајки, детски фестивалчиња и сл., а на персоналот му е овозможено полесно со помош на техниката да ја реализираат воспитно-образовната работа.

*Овие две фирми се едни од ретките општествено одговорни компании во Охрид кои редовно поддржуваат хумани активности, настани, а доделуваат и голем број на спонзорства во различни сфери од општеството.*

## Салон за мебел „Гир-Риг“, Охрид



**во текот на месец ноември  2012 година обезбеди донација за**

## Фудбалскиот клуб „Охрид 10 Јуниор“

**ШТО:** Спортски дресови и опрема

**ЦЕЛ:** Подобрување на  условите за тренинг на младите фудбалски таленти во рамки на клубот



*Низ годините „Гир Риг“ прерасна во општествено одговорна компанија која е нераскинлив дел од животот на градот Охрид и посветено се грижи за потрошувачите и помага на заедницата.*

# ПЗУ „ДАРОН", Охрид



***во текот на ноември 2012 година ја организираше акцијата Месец на дијабетисот за***

## ***граѓаните на Охрид***

**ШТО:** Акцијата се состои во 300 тестови за бесплатно мерење на гликолизиран хемоголобин или популарно викан тримесечен шеќер (HbA1c) во тек на целиот месец ноември.

**ЦЕЛ:** Превентивно делување во борба против дијабетисот.




Акцијата била организирани по повод 14-ти ноември - Светскиот ден на дијабетот во соработка со Здружението на дијабетичари Охрид, а е поддржана и од Лајонс клуб Охрид.

*ПЗУ Дарон по втор пат ја организира оваа акцијата , а во иднина е планирана како традиционална акција за поддршка и помош на дијабетичарите од Охрид.*

# „ДАСС ИНЖИНЕРИНГ“, Охрид

***во текот на изминатите неколку години во голем број наврати донира финансиски средства на***

## Црвен крст Охрид



**ШТО:** Континуирана финансиска помош
**ЦЕЛ:** Успешна реализација на хуманитарни активности и помош на ранливите категории луѓе

Инаку оваа компанија е една од најчестите донатори и спонзори на голем број спортски клубови и друштва во Охрид, а до сега со солидни износи на финансиски средства има под - држано и други хумани организации и различни инфраструктурни проекти за доброто на заедницата.



Ги има поддржано проектите за изградба на Скејт паркот за млади во Охрид и Реконструкција на Детското одделение во Охрид, кои ги реализираше Ротари клубот од Охрид.  Исто така во многу наврати има помогнато и голем број социјално загрозени семејства од Охридско - струшкиот регион.

*Сопственикот на компанијата Сандре Трпоски вели дека иако е време на економска криза приватниот сектор мора да покаже разбирање за локалните потреби и потребите на одредени целни групи и да помогне.*

# Стоматолошка ординација „Др. Баткоски”, Охрид

### во текот на 2012 година обезбеди бесплатни

### стоматолошки прегледи и третмани за

## социјално загрозените семејства од Охрид




**ШТО:** По 10 социјално загрозени лица, секој месец во текот на годината добиваа бесплатен стоматолошки третман во ординацијата „Баткоски“.




**ЦЕЛ:** Подобрување на оралното здравје и зголемување на грижата за забите.

Бесплатните прегледи и третмани биле поттикнати од заедничката акција, „За посреќно детство“ која ја организира Црвениот крст од Охрид, а беше поддржана од „Стоматолошка ординација др. Баткоски“.

*Изборот на пациенти кои бесплатно добивале стоматолошки третман бил врз основа на список на пациенти од Црвениот крст, кои спаѓаат во категоријата на социјално загрозени лица.*

## Стоматолошка ординација „Д-р Сашо Стоев", Охрид

**во текот на месец февруари 2013 година обезбеди**

**донација за**

## Социјално загрозено семејство од село Велгошти, Охрид



**ШТО:** Покуќнина, облека, храна, средства за лична хигиена, училишен прибор, и играчки, како и бесплатни стоматолошки услуги за неговите деца до нивно полнолетство.

**ЦЕЛ:** Подобрување на основните услови за живот на ова социјално загрозеното семејство.



Акцијата за помош на семејството се реализираше во соработка со Црвениот крст од Охрид.

*Д-р Сашо Стоев, сопственик на истоимената стоматолошка ординација до сега многу пати со своето семејство донирале средства и помагале хумани активности на подрачјето на Охрид и пошироко.*

## АД „ЕЛЕМ", Скопје

**во текот на месец јуни 2012 година обезбеди донација за**

## двајца средношколци



**ШТО:** Финансирање на патните трошоци неопходни за претставување на проектот во Њујорк

**ЦЕЛ:** Финансиската поддршка што ја обезбеди АД Електрани на Македонија за учениците треба да биде поттик и за други компании и физички лица да помагаат и да инвестираат во вакви проекти.

Учениците го освоија четвртото место во научниот дел на ова престижно натпреварување, во конкуренција од 248 проекти од целиот свет.



*АД ЕЛЕМ, спроведувајќи ги доследно општествено одговорните практики како составен дел од корпоративниот профил на компанијата, во рамките на своите можности, несебично помага во развојот на општествените дејности како неопходен предуслов за раст и развој на државата, на граѓаните и унапредување на животната средина.*

# Бутик ,,Емпорио”, Охрид



***во текот на месец јули 2012 година обезбеди донација за***

## Црвен крст Охрид

**ШТО:** Голема количина на машка и женска гардероба.



**ЦЕЛ:** Социјално загрозените семејства секогаш имаат потреба од облека, па секоја ваква донација е добредојдена.

*Сопственициte на бутикот искрено се надеваат дека нивниот хуман гест ќе го следат и останатите трговски дуќани од Охрид и ќе им помогнат на најзгрозените.*

## „АД „Жито Лукс", Скопје,

**во текот на месец октомври 2011 година обезбеди**

**донација за**

## Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо" Охрид




**ШТО:** 11 детски креветчиња, 2 ладилници, 8 ТВ приемници и 14 душеци за кревет.
**ЦЕЛ:** Подобрување на условите за престој на дечињата на одделението.



Средствата од донацијата беа обезбедени преку јавната хуманитарна акција која се спроведе во периодот од 26-ти јули до 31-ви август 2011 година, во која за секој купен производ од АД „Жито Лукс" дел од средствата се издвојуваа за потребите на болницата „Св. Еразмо".

*Дел од долгорочната стратегија на „Жито Лукс" е поддршка и унапредување на активностите за општествено и одговорно дејствување.*

## *„Здружение на возачи“, Охрид*



***во текот на април 2013 година обезбеди донација за***

## *ЈОУДГ„Јасна Ристеска” Охрид*

**ШТО:** ТВ приемник и ДВД рекордер
**ЦЕЛ:** Подобрување на условите за престој и забава на дечињата во градинката.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ВОЗАЧИ
ОХРИД



Оваа донација овозможува, во салата за групни активности, дечињата да може да следат соодветни детски емисии, бајки, детски фестивалчиња и слично, а на персоналот му е овозможено полесно со помош на техниката да ја реализираат воспитно - образовната работа.

*Од „Здружение на возачи“ Охрид велат дека оваа донација е дел од многуте хуманитарни активности кои оваа фирма редовно ги подржува, а со тоа помага на одделни целни групи во општеството.*

## Печатница „Ирис Принт“, Струга



**во текот на изминатите неколку години го поддржува**

## Центарот за подобрување на квалитетот на живот на лицата со интелектуална попреченост „Порака Нова“, Струга

Ирис
печатница

Центар за подобрување на квалитетот на живот на лицата со интелектуална попреченост и нивните фамилии Порака Нова
НОВА
порака
СТРУГА

**ШТО:** Материјали и финансиска помош
**ЦЕЛ:** Подигнување на свеста за хумано делување и помагање на социјално-загрозените и маргинализираните групи

*Печатницата „Ирис принт“ и во други наврати поддржуваае различни хуманитарни акции и донаторски активности со цел да им се помогне на ранливите категории на граѓани.*

## ПЗУ „Кардиолаб Маџаров", Охрид




**во текот на 2010 година обезбеди бесплатни**

**кардилошки прегледи**

### за граѓаните на Охрид

ПОЛИКЛИНИКА
"КАРДИОЛАБ МАЏАРОВ"
медицина базирана на докази

**ШТО:** Повеќе од 100 граѓани добиле прегледи од страна на доктор специјалист вклучително ЕКГ, мерење крвен притисок како и лабораториска анализа на холестеролот и шеќерот во крвта.



**ЦЕЛ:** Превентивно делување против болести на кардиваскуларниот систем

Прегледите биле организирани по повод 26 ти септември - Светскиот ден на Срцето како дел од кампањата за срцево - садовите заболувања на Светската здравствена организација.

*Освен оваа хумано дело Поликлиника „Кардиолаб Маџаров" до сега многу пати била дел и поддржала други донаторски и хуманитарни активности во Охридско струшкиот регион*

# Студио „Кинезио", Охрид

**во текот на месец март 2012 година обезбеди**

**бесплатни прегледи за**

## децата од Охрид



**ШТО:** Бесплатни прегледи и тестови за можни деформитети на р'бетниот столб

**ЦЕЛ:** Превентивно делување против деформитетите кај децата во школска возраст



Бесплатните активности се дел од проектот „Грижа за здравјето на учениците" кој изминативе две години го реализира ова студио. Исто така во рамки на активностите од овој проект во текот на месец мај 2013 година во Основното училиште „Свети Климент Охридски", Охрид се одржа и трибина на тема: „Деформитетите на р'бетниот столб кај учениците и корективната гимнастика".

*Деформитети на 'рбетниот столб, градниот кош, нозете, стапалата и мускулатурата се почесто се проблем на денешните деца, а редовната физичка активност е најдобра превентива, велат од Студио „Кинезио".*

## Рекреативен центар ,,Мајски Цвет-2010", Струга

**во текот на во изминативе две години остварил**

**донација за**



## Ракометен клуб Филип 07 од Прилеп

**ШТО:** Спортска опрема

**ЦЕЛ:** Подобрување на условите за тренинг на ракометарите




Исто така Рекреативниот центар „Мајски цвет", Струга обезбедил бесплатно сместување на учесниците од детскиот фестивал „Ластарчиња "од Кавадарци.

*Освен овие активности овој правен субјект редовно дава помош за одржување на различни манифестации во Струшкиот регион. Неколку години наназад ја поддржува манифестацијата Илинденски денови, а до сега го има потпомогнато издавањето на книги и збирки на голем број автори и писатели.*

## АД „Макпетрол", Скопје



**во текот на месец декември 2012 година обезбеди донација за**

## Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо" Охрид

**ШТО:** 11 ТВ приемници и болничка постелнина во износ од 303.000 денари
**ЦЕЛ:** Подобрување на условите за престој на дечињата на одделението



Ова е трета донација на „Макпетрол" за оваа здравствена установа, наменета за подобрување на условите за најмладите пациенти кои престојуват и се лекуваат во болницата. Донацијата беше дел од активностите за одбележувањето на 65 -годишнината на компанијата.

*Филантропијата отсекогаш претставувала синоним за добро организирана и менаџирана компанија. Во тој сегмент, „Макпетрол" АД не се разликува од големите светски корпорации. Покрај големиот број донации,компанијата е основач и спонзор на неколку спортски клубови и друштва.*

# ДООЕЛ „МГМ”, Струга

**во текот на изминатите години доделил донација за**

## Ракометниот клуб Струга




**ШТО:** Спортска опрема за играчите и финансиска помош во неколку наврати за организирање на Летниот ракометен турнир во Струга.



**ЦЕЛ:** Обезбедување подобри услови за тренинзи и натпреварувања

Покрај оваа донација фирмата МГМ донирала и одредени средства на Веслачкиот клуб „Струга“ и Културно уметничкото друштво од село Ложани.

*Сопствениците на МГМ велат дека до сега го помогнале одржувањето на голем број манифестации во Струга и нагласуваат дека ваквата практика на помагање ќе ја продолжат и во иднина.*

## Телекомуникациски оператор „Оне”, Скопје

### во текот на 2011 година обезбеди донација за

## Здравствените домови во Охрид и Струга

**ШТО:** Сите возила на итната медицинска помош беа опремени со ултра тенка носилка за транспорт на пациенти , универзален имобилизатор за глава, универзален имобилизатор за нозе , комплет од шест имобилизатори за врат кои пропуштаат рентген зраци и CAT скен, термален вакуум душек со ABS пумпа и специјална подлога отпорна на временски влијанија што овозможува комплетна фиксација, комплет за реанимација (амбу со маска), држач за инфузиони боци, живин апарат за притисок





и специјална столица за транспорт на пациенти која се дижи по скали

**ЦЕЛ:** Подобрувањето на условите на работа на екипите за брза помош

Овие донации беа дел од хуманитарниот караван на ОНЕ со кој осум градови во Македонија добија медицинска опрема наменета за амбулантните возила на брзата помош.

*Во своето долгогодишно искуство на полето на општествената одговорност, помагајќи им на оние кои што помошта им е најпотребна, ОНЕ изгради силни врски и долгорочни пријателства со бројни владини и невладини организации, институции, болници, домови за деца, домови за стари лица, граѓански асоцијации.*

# „Про Кредит Банка“, Скопје

***во изминатите неколку години има реализирано повеќе донаторски и хумани акции во Охридско - струшкиот регион.***




Во Охрид донирала:
1. Корпи за отпадоци
2. Осветлување за Учителската школа
3. Плакари и бироа за ОУ „Ванчо Питошески“ во селото Лескоец

ProCredit Bank



Во Струга донирала:
1. Материјал за работа во Центарот за подобрување на квалитет на лицата со интелектуална попреченост „Порака Нова“ Струга

2. Автобуски постојки за регионалниот превоз

*ПроКредит Банка како оптествено одговорна институција интерно спроведува акции за донации и со својата стратешка определба за поздрава и почиста животна средина активно реализира еко акции.*

# Супер маркети „Стоп шоп“, Охрид

**во текот на месец април 2013 година ја поддржа**

**акцијата**

## „ВАШИОТ ПРИЛОГ – ЗНАЧАЈНА ПОМОШ“ на Црвен крст од Охрид




**ШТО:** 4% од прометот остварен во текот на два дена во определен временски термин




**ЦЕЛ:** Подигнување на свеста за хумано делување и помагање на социјално загрозените. Оваа акција, Црвен крст од Охрид ја спроведува во рамки на Неделата на солидарност.

*Инаку маркетите Стоп шоп, до сега многу пати подржувале различни хуманитарни акции и донаторски активности со цел да им се помогне на ранливите категории на граѓани.*

## *Телекомуникациски оператор „Т-мобиле”, Скопје*

***во текот на 2013 година ги поддржа инфраструктурните активностите во***

## *Општина Струга*




**ШТО:** 13 автобуски постојки во износ од 10.000 евра. (Од нив три се во градот, а останатите во населбата Езерски лозја, Враништа, Радолишта, Мороишки мост, Драслајца, Велешта Делогожда, Калишта и Луково).

**ЦЕЛ**: Овој проект е во согласност со политиката за спонзорства и донации во рамки на активности за поддршка на дејности од јавен интерес во Република Македонија.

*Инаку компанијата Т-мобиле до сега редовно поддржува активности во полето на општествена одговорност во регионот Охрид – Струга. Неколку години наназад го подржува Вевчанскиот карневал во својство на генерален спонзор. Оваа компанија издвојува и финансиски средства за подрушка на Струшките вечери на поезијата и фестивалот Охридско лето. Исто така е и покровител на Охридскиот пливачки маратон. Во периодот на 2011 годинаво Охридско-струшкиот регион бил реализиран и проектот „Понтонски мостови”.*



# Градежна компанија „Трим и Љум", Струга




**во текот на изминатите неколку години финансиски ја**

**поддржува хуманитарната телевизиска програма на**

## Македонската радио телевизија – Втора програма

ШТО: Финансиска поддршка за потребите на хуманитарни активности кои ги потикнува емисијата
**ЦЕЛ:** Помош за социјално загрозени семејства и лица на кои им е потребна помош.




Покрај оваа хумана активност, оваа градежна компанија финансиски го подржува списанието „GJIMNAZISTI" кое го издаваат средните училишта „Нико Нестор" и „Ибрахим Темо"од Струга. Исто така во рамки на годишниот план на оваа компанија редовно се издвојуваат средства за поддршка за издавање на книги од локални автори. Освен донации за социјални и образовни цели оваа компанија има донирано средства и за голем број културни манифестации како "Këngë Jeho" кој се одржува во Струга.

*Од управата на Трим и Љум велат дека хуманите активности се дел од традицијата на оваа фирма и нагласуваат дека и во иднина ќе продолжат да издвојуваат средства за ваков вид на помош.*

# „Универзал ауто”, Тетово



**во текот на изминатите три години во неколку наврати**

**обезбедил донација за**

## ЈЗУ „Општа Болница” Струга

**ШТО:** Резервни делови и опрема




**ЦЕЛ:** Подобрување на условите за транспорт на пациентите кои се згрижуваат во оваа здравствена установа

Покрај оваа донација „Универзал ауто“ е општествено одговорна компанија која до сега многу пати донирала резервни делови за здравствените установи во Западна Македонија.

*Нејзиниот сопственик Шабан Муслиу кој долги години е во бизнисот со увоз на резервни авто-делови, вели дека му претставува огромна чест што ќе биде дел од филантропите кои спроведуваат хумани активности во Охрид и Струга.*

ЛОКАЛНА
АГЕНЦИЈА ЗА
РАЗВОЈ

СТРУГА

www.ldastruga.org